# ИНДЕКС НА РАЦИОНАЛНОСТ

ИНДЕКС НА РАЦИОНАЛНОСТ

ИНДЕКС НА РАЦИОНАЛНОСТ

# 21

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ИНДЕКС
# НА РАЦИОНАЛНОСТ
# 21

Скопје, септември 2024 година

**Издавач:**
Центар за граѓански комуникации
**Лектура:**
Татјана Б. Ефтимоска
**Ликовно-графичко обликување:**
Енис Карахасан-Бошковски
**Печати:**
ДатаПонс Скопје
**Тираж:**
200 примероци
**Бесплатен/некомерцијален тираж**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

35.073.53:005.584.1(497.7)"2023/2024"

ИНДЕКС на рационалност 21. - Скопје : Центар за граѓански комуникации, 2024. - 30, 30 стр. : табели ; 20 x 20 см

Насл. стр. на припечатениот текст: Index of rationality 21 / translation from macedonian to english Katerina Dimishkovska. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-608-4974-39-0

1. Index of rationality 21
а) Јавни набавки -- Рационално трошење -- Мониторинг -- Македонија -- 2023-2024

COBISS.MK-ID 64445701

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

Индексот на рационалност е изработен во рамките на проектот „Мониторинг на јавните набавки", што го спроведува Центарот за граѓански комуникации, а е финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Содржината на оваа публикација е одговорност на издавачот и на авторите и не ги одразува ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

# ИНДЕКС

## НА РАЦИОНАЛНОСТ

# 21

# СОДРЖИНА

1. ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА ........ 5

2. ИНДЕКС НА РАЦИОНАЛНОСТ ........ 7

2.1. Индекс на рационалност за набавка на лиценца за Microsoft 365 Business Standard ........ 8

2.2. Индекс на рационалност за изнајмување фотокопирни апарати ........ 11

2.3. Индекс на рационалност за набавка на хируршки конци ........ 14

2.4. Индекс на рационалност за услуга за собирање, транспорт и уништување медицински отпад ........ 17

2.5. Индекс на рационалност за набавка на натриум хипохлорид во гасна агрегатна состојба ........ 21

3. ГЕНЕРАЛЕН ЗАКЛУЧОК ........ 24

# 1 ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА

Центарот за граѓански комуникации од Скопје е единствената невладина организација во Република Северна Македонија која спроведува директен и сеопфатен мониторинг на јавните набавки во земјата. Во обид да даде дополнителен придонес кон унапредување на состојбите во оваа сфера, Центарот го изработува т.н. индекс на рационалност во трошење на јавните пари. Целта на овој инструмент е да се мери ефикасноста во трошењето на јавните пари, да се откриваат слабите точки во системот и, во крајна линија, да се влијае врз институциите да бидат порационални во трошењето на буџетите кои се полнат со пари од граѓаните.

Индексот на рационалност се изработува преку споредба на цените по коишто различните институции купуваат исти производи, услуги или работи. Фактот што индексот опфаќа ист вид производ, услуга или работа дава можност, освен споредба на цените, да се претстави и различниот однос на државните институции при спроведувањето на исти видови јавни набавки.

Индексот е показател за државните институции кој треба да им послужи како основа за подобрување на рационалноста при јавните набавки, односно при трошењето на јавните пари. Со оглед на тоа што просечните цени во индексот претставуваат просек од цените што ги постигнале самите институции и не значи дека тие се реален или пазарен одраз на вредноста, целта на државните институции треба да биде подомаќинско трошење на јавните пари, бидејќи за истите набавки, други институции постигнале поповолни цени на пазарот.

Разликите во цените по кои институциите плаќаат за исти видови производи и услуги упатуваат на потребата од подетални истражувања на пазарот пред објавување на тендерите и усогласување на пристапот на договорните органи кон набавка на исти видови производи. Во примерокот за изработка на индексот се вклучени сите договорни органи од национално и од локално ниво, што значи од министерства и општини, преку јавни претпријатија и агенции, до училишта и градинки. Во изработката на индексите на рационалност се користат секундарни извори на податоци, и тоа:

- Електронскиот систем за јавни набавки и
- Барања за слободен пристап до информациите од јавен карактер за информации во однос на техничките карактеристики на предметите на набавка, нивната цена и купените количини.

Значајно е да се напомне дека во индексот на рационалност се објавуваат имињата на договорните органи, но не и имињата на фирмите со кои се склучени договорите (иако се располага и со овие податоци), бидејќи одговорноста за рационално трошење на јавните пари им припаѓа на договорните органи. Ова, секако, не значи дека одговорноста за законско постапување не ги опфаќа и понудувачите. Оттука, имињата на фирмите се споменуваат само во контекст на коментирање одредени наоди од истражувањето.

# ИНДЕКС НА РАЦИОНАЛНОСТ 2

Дваесет и првиот индекс на рационалност е изработен за следниве пет видови услуги:

- **Набавка на лиценца за Microsoft 365 Business Standard;**
- **Изнајмување фотокопирни апарати;**
- **Набавка на хируршки конци;**
- **Набавка на услуга за собирање, транспорт и уништување медицински отпад и**
- **Набавка на натриум хипохлорид во гасна агрегатна состојба.**

Во изработката на Индексот на рационалност за овие услуги, вклучени се 46 институции на централно и на локално ниво, кои имале ваков вид набавка во периодот од јануари 2023 до април 2024 година.

Во изработката на индексите, цените на избраните услуги, како и техничките карактеристики на производите се обезбедени преку електронскиот систем за јавни набавки.

Целта е, со изработка на индексот на овие пет вида набавки, да се детектираат евентуалните разлики во цените и да им се помогне на договорните органи да ги осознаат движењата на цените за овие производи и услуги и во иднина да работат врз подобрување на рационалноста во трошењето на јавните пари.

# 2.1. Индекс на рационалност за набавка на лиценца за Microsoft 365 Business Standard

Цената која институциите ја плаќале за набавка на лиценца за Microsoft 365 Business Standard за период од една година се движи од 6.185 до 23.100 денари. Соодносот на најниската и највисоката цена со која се склучени договорите за оваа услуга изнесува 1:3,73 што значи дека највисоката цена, која за оваа услуга ја платила Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, е за 273 % повисока од цената која ја платила Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Најскапата лиценца е набавена во постапка за јавна набавка во која учествувал еден понудувач, додека во случајот кога била најевтино набавена, имало конкуренција од 12 понудувачи.

Во процесот на изработката на индексот на рационалност за набавка на лиценца за Microsoft 365 Business Standard за период од една година, беа земени предвид сите договори склучени во периодот од 1.1.2023 до 30.4.2023 година каде што беше можно да се обезбеди споредливост на набавените лиценци. Во согласност со тендерските документации, институциите бараат носителот на набавката да е авторизиран од страна на производителот, лиценците да овозможуваат надградба на сите нови верзии за цело времетраење на договорот, вклучени алатки за гласовна и видеокомуникација и колаборација со други корисници на оддалечени локации.

**Индекс на рационалност за набавка на лиценца за Microsoft 365 Business Standard**
(цена за 1 лиценца за период од една година)

| Договорен орган | Единечна цена во денари со ДДВ | Однос на поединечната цена со просекот |
|---|---|---|
| Државна комисија за жалби по јавни набавки | 6.185 | -53,1 % |
| Комисија за спречување и заштита од дискриминација | 6.403 | -47,9 % |
| АД МЕПСО | 7.396 | -28,0 % |
| Агенција за планирање на просторот | 7.560 | -25,3 % |
| Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на РСМ | 7.762 | -22,0 % |
| Агенција за примена на јазикот на РСМ | 7.886 | -20,1 % |
| **Просек** | **9.470** | / |
| Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување | 23.100 | +59,0 % |

Како што може да се види од индексот на рационалност, просечната цена за набавка на лиценца за Microsoft 365 Business Standard за период од една година изнесува 9.247 денари. Притоа произлегува дека во седум постапки, цената била пониска од просечната, додека во една – повисока.

Може да се забележи дека Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, кај која се забележува највисока единечна цена, применила поедноставена отворена постапка, додека сите останати, освен АД МЕПСО, примениле постапка за набавка од мала вредност. Освен тоа, во постапката спроведена од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување учествувал само еден понудувач, додека во останатите имало од 4 до 12 понудувачи.

За набавка на истата лиценца во претходната 2023 година, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување платила 8.856 денари, што е речиси трипати помалку од цената што ја платиле во 2024 година.

Причината за тоа е што тогаш на тендерот учествувале пет понудувачи, но се поставува прашањето како трикратно зголемената понудена цена, која подоцна е и платена во 2024 година, била во рамките на проценетата вредност, имајќи ја предвид претходно платената цена за набавка на истата лиценца.

**Број на купени лиценци**

| Договорен орган | Број на купени лиценци | Однос на поединечната цена со просекот |
|---|---|---|
| Државна комисија за жалби по јавни набавки | 23 | -53,1 % |
| Комисија за спречување и заштита од дискриминација | 28 | -47,9 % |
| АД МЕПСО | 200 | -28,0 % |
| Агенција за планирање на просторот | 30 | -25,3 % |
| Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на РСМ | 15 | -22,0 % |
| Агенција за примена на јазикот на РСМ | 50 | -20,1 % |
| Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување | 36 | +59,0 % |

Анализирајќи ги купените количини, се согледува дека исто така не постои причина за натпросечната цена која ја платила Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, бидејќи купените количини се и поголеми од двете институции кои ги постигнале најниските цени за набавка на лиценците..

# 2.2. Индекс на рационалност за изнајмување фотокопирни апарати

За услугата за изнајмување фотокопирни апарати, институциите плаќале од 0,83 до 1,42 денари по испечатена страница во А4 формат во црно-бела боја. Соодносот на најниската и највисоката цена која е плаќана за услугата изнесува 1:1,71, што значи дека највисоката цена, која за оваа услуга ја платила Општина Центар, е за 71 % повисока од цената платена од страна на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
Значајните разлики во цените не можат да се објаснат со описот на услугата во тендерските документации, ниту со применетите постапки за јавни набавки, ниту пак со бројот на изнајмени апарати.

**Индекс на рационалност за изнајмување фотокопирни апарати**
(цена за печатење на 1 страница во црно-бел формат)

| Договорен орган | Единечна цена во денари со ДДВ | Однос на поединечната цена со просекот |
|---|---|---|
| Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ | 0,83 | -28,9 % |
| Министерство за одбрана | 0,99 | -8,1 % |
| Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен | 1,00 | -7,0 % |
| Агенција за катастар на недвижности | 1,00 | -7,0 % |
| Електрани на РСМ | 1,06 | -0,9 % |
| Општина Аеродром | 1,06 | -0,9 % |
| **ПРОСЕК** | **1,07** | / |
| Агенција за храна и ветеринарство | 1,18 | +9,3 % |
| Општина Центар | 1,42 | +24,6 % |

Во процесот на изработката на индексот на рационалност за изнајмување фотокопирни апарати беа земени предвид сите договори склучени во периодот од 1.1.2024 до 30.4.2024 година каде што беше можно да се обезбеди споредливост на услугата.  Како што може да се види од индексот на рационалност, просечната цена за испечатена страница во формат А4 во црно-бела боја изнесува 1,21 денар по страница. Притоа произлегува дека шест институции за услугата платиле цени што се пониски од просечната, додека две – натпросечно високи цени.

Разликата во цените не може да се објасни со применетите постапки. Имено, сите институции вклучени во изработката на овој индекс спровеле постапки за јавни набавки во согласност со Законот за јавни набавки, односно т.н. „набавки од мала вредност“ за набавки во вредност пониска од 10.000 евра ,и т.н. „поедноставена отворена постапка“ за набавки над 10.000 евра. Описот на услугата секаде е ист. Притоа, од осум постапки за јавни набавки, само во една е доставена една понуда, и тоа кај Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, додека, пак, три понуди се доставени кај Електрани на РСМ. Во сите останати случаи имало по два понудувачи.

Во однос на влијанието на количините на изнајмените фотокопирни апарати, не може да се заклучи дека тоа било пресудно, бидејќи уште една институција исто така изнајмила 3 апарати како и Општина Центар, но таа платила значително пониска цена.

**Број на изнајмени фотокопирни апарати**

| Договорен орган | Број на апарати | Однос на поединечната цена со просекот |
|---|---|---|
| Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ | 13 | -28,9 % |
| Министерство за одбрана | 194 | -8,1 % |
| Државна комисија за одлучување во управна апостапка и постапка од работен однос во втор степен | 3 | -7,0 % |
| Агенција за катастар на недвижности | 108 | -7,0 % |
| Електрани на РСМ | 12 | -0,9 % |
| Општина Аеродром | 15 | -0,9 % |
| Агенција за храна и ветеринарство | 22 | +9,3 % |
| Општина Центар | 3 | +24,6 % |

# 2.3. Индекс на рационалност за набавка на хируршки конци

Институциите, за набавка на хируршки конци, плаќале од 159 до 333 денари. Соодносот на најниската и највисоката цена со која се склучени договорите за оваа услуга изнесува 1:2,09, што значи дека највисоката цена, која за оваа услуга ја платила ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврохирургија, е за 109 % повисока од цената која ја плаќала ЈЗУ Клиничка болница Битола.

Во процесот на изработката на овој индекс на рационалност беа земени предвид договорите склучени од 1.1.2023 до 30.4.2024 година, каде што беше можно да се обезбеди споредливост на набавка на апсорптивен обложен полифиламентен конец polyglyucolic acid со дебелина на конецот 2/0, должина на иглата од 26 до 33 милиметри, должина на конецот од 70 до 90 сантиметри и агол на иглата 1/2. Потребно е да се нагласи дека разликата во должината на конецот не е релевантна за разликите во цените, со оглед на тоа што должината на хируршкиот конец купен од страна на ЈЗУ Клиничка болница Битола изнесува 75 сантиметри, а кај последните две институции чии цени се највисоки, должината изнесува 70 сантиметри.

**Индекс на рационалност за набавка на хируршки конци**
(цена за набавка на хируршки конец)

| Договорен орган | Единечна цена во денари со ДДВ | Однос на поединечната цена со просекот |
|---|---|---|
| ЈЗУ Клиничка болница Битола | 159 | -40,3 % |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Кавадарци | 171 | -30,4 % |
| Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за урологија | 195 | -14,4 % |
| Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хиругија | 207 | -7,7 % |
| Јавна здравствена установа Клиника за торакална и васкуларна хирургија | 216 | -3,2 % |
| **ПРОСЕК** | **223** | |
| ЈЗУ Клиничка болница Тетово | 277 | +19,5 % |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија | 333 | +33,0 % |

Како што може да се види од индексот на рационалност, просечната цена за набавка на хируршки конец според наведената спецификација изнесува 223 денари. Притоа произлегува дека пет институции за услугата платиле цени кои се пониски од просечната, додека две – натпросечно високи цени.

Притоа, од седумте постапки, во три е доставена само една понуда, во една – две понуди, во две – три понуди, додека во една постапка – пет понуди.

**Набавени количини на хируршки конци**

| Договорен орган | Набавени количини | Однос на поединечната цена со просекот |
|---|---|---|
| ЈЗУ Клиничка болница Битола | 360 | -40,3 % |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Кавадарци | 300 | -30,4 % |
| Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за урологија | 108 | -14,4 % |
| Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хиругија | 504 | -7,7 % |
| Јавна здравствена установа Клиника за торакална и васкуларна хирургија | 36 | -3,2 % |
| ЈЗУ Клиничка болница Тетово | 180 | +19,5 % |
| ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија | 288 | +33,0 % |

Како што може да се види од табеларниот приказ, ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија, која платила највисока цена, не набавила многу помала количина од ЈЗУ Клиничка болница Битола, кај која е забележана најниска единечна цена за набавка на хируршки конци.

# 2.4. Индекс на рационалност за услуга за собирање, транспорт и уништување медицински отпад

Цената која институциите ја плаќале за услугата за собирање, транспорт и уништување медицински отпад се движи од 58,8 денари до 199,5 денари по килограм. Соодносот на најниската и највисоката цена со која се склучени договорите за оваа услуга изнесува 1:3,39, што значи дека највисоката цена, која за оваа услуга ја платил ЈЗУ Здравствен дом – Охрид, е за 239 % повисока од цената која ја плаќал Медицинскиот факултет Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Двете институции ја имаат набавено услугата од различни понудувачи, а може да се забележи дека во сите 14 постапки опфатени со индексот учествувал само по еден понудувач.

## Индекс на рационалност за услуга за собирање, транспорт и уништување медицински отпад

(цена за 1 килограм отпад)

| Договорен орган | Единечна цена во денари со ДДВ | Однос на поединечната цена со просекот |
|---|---|---|
| Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Медицински факултет Скопје | 58,8 | -123,3 % |
| Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар – Скопје | 58,8 | -123,3 % |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп | 104,0 | -26,3 % |
| ЈЗУ Клиничка болница Тетово | 110,3 | -19,0 % |
| Јавна здравствена организација Здравствен дом „Академик проф. д-р Димитар Арсов“ – Крива Паланка | 120,8 | -8,7 % |
| ЈЗУ Специјализирана болница за белодробни заболувања и ТБЦ – Лешок | 126,0 | -4,2 % |
| ЈЗУ Општа болница Струмица | 126,0 | -4,2 % |
| **ПРОСЕК** | **131,3** | |
| ЈЗУ Општа болница „Д-р Ферид Мурад“ Гостивар | 135,5 | +3,1 % |
| ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо“ Охрид | 157,5 | +16,6 % |
| ЈЗУ Здравствен дом Валандово | 189,0 | +30,5 % |
| ЈЗУ. Здравствен дом Вевчани | 189,0 | +30,5 % |
| ЈЗУ Здраствен дом Охрид | 199,5 | +34,2 % |

Во процесот на изработката на индексот на рационалност за услуга за собирање, транспорт и уништување медицински отпад, беа вклучени сите постапки во периодот од 1.1.2023 до 31.12.2023 за кои набавките беа споредливи. Како што може да се забележи од табелата, просечната цена за услуга за собирање, транспорт и уништување на медицински отпад изнесува 131,3 денари по килограм. Притоа произлегува дека седум институции за услугата платиле цени кои се пониски од просечната, додека пет платиле натпросечно високи цени.

Разликата во цените не може да се објасни со применетите постапки. Имено, сите институции вклучени во изработката на овој индекс спровеле транспарентни постапки за јавни набавки во согласност со Законот за јавни набавки, односно „набавка од мала вредност“, „поедноставена отворена постапка“ или „отворена постапка“. Описот на услугата секаде е ист.

## Количина за услуга за собирање, транспорт и уништување медицински отпад

| Договорен орган | Количина во килограми | Однос на поединечната цена со просекот |
|---|---|---|
| Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Медицински факултет Скопје | 40.000 | -123,3 % |
| Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар – Скопје | 330.000 | -123,3 % |
| ЈЗУ Општа болница со проширена дејност – Прилеп | 30.000 | -26,3 % |
| ЈЗУ Клиничка болница Тетово | Не е даден податок | -19 % |
| Јавна здравствена организација Здравствен дом „Академик проф. д-р Димитар Арсов“ – Крива Паланка | 3.000 | -8,7 % |
| ЈЗУ Специјализирана болница за белодробни заболувања и ТБЦ – Лешок | 1.500 | -4,2 % |
| ЈЗУ Општа болница Струмица | 11.000 | -4,2 % |
| ЈЗУ Општа болница „Д-р Ферид Мурад“ Гостивар | Нема определено | +3,1 % |
| ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо“ Охрид | Нема определено | +16,6 % |
| ЈЗУ Здравствен дом Валандово | 1.000 | +30,5 % |
| ЈЗУ. Здравствен дом Вевчани | 800 | +30,5 % |
| ЈЗУ Здравствен дом – Охрид | Нема определено | +34,2 % |

Три од институциите немаат определено прецизни количини на медицинскиот отпад, меѓу кои е и ЈЗУ Здравствен дом – Охрид, кој платил највисока цена по килограм. Сепак, може да се забележи дека вредноста на договорот на оваа институција од 105.000 денари е најниска од сите други институции.

# 2.5. Индекс на рационалност за набавка на натриум хипохлорид во гасна агрегатна состојба

За набавка на натриум хипохлорид во гасна агрегатна состојба, институциите плаќале од 27 до 71 денари по килограм. Соодносот на најниската и највисоката цена со која се склучени договорите за оваа услуга изнесува 1:2,63 што значи дека највисоката цена која за оваа услуга ја платило ЈП Комунален сервис Валандово е за 163 % повисока од цената која ја платило ЈП „Солидарност“ Виница. Значајните разлики во цените и за овој производ не можат се објаснат со спроведените постапки за јавни набавки или со вредноста на склучените договори.

**Индекс на рационалност за набавка на натриум хипохлорид во гасна агрегатна состојба**
(цена за 1 килограм)

| Договорен орган | Единечна цена во денари со ДДВ | Однос на поединечната цена со просекот |
|---|---|---|
| ЈП Солидарност Виница | 27 | -92,6 % |
| ЈКП Дервен Велес | 28 | -85,7 % |
| **ПРОСЕК** | **52** | |
| ЈП Комуна Крушево | 53 | +1,9 % |
| Јавно претпријатие за комунална дејност ДЕБРЦА | 54 | +3,8 % |
| ЈП Комуналец – Кавадарци | 58 | +11,5 % |
| ЈКП Комуналец – Пехчево | 60 | +13,3 % |
| Јавно претпријатие Еремја | 65 | +20,0 % |
| ЈП Комунален сервис Валандово | 71 | +26,8 % |

Во процесот на изработката на овој индекс на рационалност, беа земени предвид сите договори склучени од 1.1.2023 до 31.12.2023 година каде што беше можно да се обезбеди споредливост на набавката и беа земени предвид само набавките на натриум хипохлорид во гасна агрегатна состојба, но не и во течна.

Како што може да се види од индексот на рационалност, просечната цена за еден килограм натриум хипохлорид изнесува 52 денари. Притоа произлегува дека две институции за услугата платиле цени кои се пониски од просечната, а шест – натпросечно високи цени.

Разликата во цените не може да се објасни со применетите постапки. Имено, сите институции вклучени во изработката на овој индекс спровеле постапки за јавни набавки во согласност со Законот за јавни набавки, односно т.н. „набавки од мала вредност", за набавки во вредност пониска од 10.000 евра, и т.н. „поедноставена отворена постапка", за набавки над 10.000 евра. Описот на услугата секаде е ист, односно станува збор за натриум хипохлорид со концентрација на активен хлор поголема или еднаква на 12 %.

Притоа, од осум постапки за јавни набавки во пет биле доставени по две понуди, во две – по три и во една постапка – четири понуди. Големите разлики во цените не може да се оправдаат ниту со вредноста на склучените договори.

**Набавени количини натриум хипохлорид во килограми**

| Договорен орган | Набавени количини во килограми | Однос на поединечната цена со просекот |
|---|---:|---:|
| ЈП „Солидарност" Виница | 10.000 | -92,6 % |
| ЈКП „Дервен" Велес | 3.000 | -85,7 % |
| ЈП „Комуна" Крушево | 2.000 | +1,9 % |
| Јавно претпријатие за комунална дејност ДЕБРЦА | 4.000 | +3,8 % |
| ЈП „Комуналец" – Кавадарци | 1.200 | +11,5 % |
| ЈКП „Комуналец" – Пехчево | 5.500 | +13,3 % |
| Јавно претпријатие Еремја | 2.500 | +20,0 % |
| ЈП Комунален сервис Валандово | 5.000 | +26,8 % |

Највисоката цена не може да се оправда со набавените количини бидејќи ЈП Комунален сервис Валандово има набавено повеќе натриум хипохлорид од пет од останатите седум институции опфатени со индексот, а платило највисока цена.

# ГЕНЕРАЛЕН ЗАКЛУЧОК 3

Индексот на рационалност во ова издание е изработен за набавка на лиценца за Microsoft 365 Business Standard, за изнајмување фотокопирни апарати, за набавка на хируршки конци, за набавка на услуга за собирање, транспорт и уништување медицински отпад и за набавка на натриум хипохлорид во гасна агрегатна состојба.

Најголема разлика во цената е евидентирана во набавката на лиценца за Microsoft 365 Business Standard, а најмала – во набавка на хируршки конци.

Сумарно, индексот на рационалност ги даде следните сознанија:

- Лиценците за Microsoft 365 Business Standard за период од една година се купувани по цени од 6.185 до 23.100 денари, со што највисоката цена е за 273 % повисока од најниската;
- Услугата за изнајмување фотокопирни апарати се движи по цени од 0,83 до 1,42 денари по страница, со што највисоката цена е за 71 % повисока од најниската;
- Хируршките конци се купувани по цени од 159 до 333 денари, со што највисоката цена е за 109 % повисока од најниската;
- Услугата за транспорт и уништување на медицински отпад е набавувана по цени од 58,8 до 199,5 денари по килограм, со што највисоката цена е за 239 % повисока од најниската;
- Натриум хипохлорид во гасна агрегатна состојба е купуван по цени од 27 до 71 денари, со што највисоката цена е за 163 % повисока од најниската.

Причините за разликите во цените во сите предмети на набавка не можеа да се објаснат со применетите постапки за јавни набавки. Во повеќето случаи, разликите не беа ниту резултат на набавените количини. Она што влијае врз разликите во цените е конкуренцијата и евидентно е дека онаму каде што недостасувала цените се повисоки. Воедно, отсуството на јасни причини за констатираните разлики во цените води кон сомнеж за субјективни влијанија на пазарот на јавни набавки.

Договорните органи треба да гледаат на индексот на рационалност како на корисен инструмент што треба да им помогне да се подобрат, бидејќи недвосмислено укажува на тоа дека пазарот на јавни набавки во земјата сè уште не гарантира целосно рационално и ефикасно трошење на јавните пари и дека сè уште постојат низа предизвици што треба да се надминат во оваа насока.